РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-2293/1
22.05. 2024 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 18 и “Службен весник на РСМ“ 89/22, 171/22), Градоначалникот на Општина Велес, на ден 16.05.2024 година донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 12332, КП12333, КП 12334, КП 12335 и КП 12346, КО Велес, општина Велес, Велес, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20 и 111/23), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 12332, КП12333, КП 12334, КП 12335 и КП 12346, КО Велес, општина Велес, Велес нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Рационално користење, штедење и заштита на природните ресурси и искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија,
- Намалување на емисиите во воздухот и на емисиите на стакленички гасови,
- Намалување и ублажување на климатските промени,
- Зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика,
- Намалување на зависноста од увоз на струја,
- Позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

4. Предметната локација за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 12332, КП12333, КП 12334, КП 12335 и КП 12346, КО Велес, општина Велес е опфатена во рамките на Услови за планирање издадени од Агенција за планирање на просторот со тех. бр. Y0 2424 од Февруари 2024 за кои е добиено Решение од животна средина за условите за планирање со бр. УП1-15 300/2024 од 20.02.2024.
5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изработил: Даниела Петковска
Контролирал: Роза Здравева
Одобрил: Петре Цилаков

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 12332, КП12333, КП 12334, КП 12335 и КП 12346, КО Велес, општина Велес, Велес |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам - Општина Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх. и<br>Нина Смрајц, дипл.инж.арх. |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР<br>ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје<br>бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје<br>mail: zumproekt@zumproekt.mk |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Донесувањето на планскиот документ произлегува согласно член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање, (бр. 225/2020, 219/21, 104/22 и 99/23), Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Северна Македонија" број 11/18), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16,39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.<br>Постапката за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) е започната по барање на Нарачател: Крстев Горан. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Претходен Дуп: Се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација.Планскиот опфат нема друга урбанистичка планска документација.<br>Предметната локација за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 12332, КП12333, КП 12334, КП 12335 и КП 12346, КО Велес, општина Велес, Велес е опфатена во рамките на Услови за планирање издадени од Агенција за планирање на просторот со тех. Бр. Y02424 од Февруари 2024 за кои е добиено Решение од животна средина за условите за планирање со бр. УП1-15 300/2024 од 20.02.2024 и истите се составен дел од овој УП. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање со донесување на урбанистички план | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не. | | | |

| |
|---|
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Површината на предвидениот опфат изнесува 17089м2. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 12332, КП 12333, КП 12334, КП 12335 и КП 12346, КО Велес, општина Велес, Велес е со намена:<br>Е 1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани<br>со дозволени компатибилни намени<br>Е1.8 - Водови за пренос на ел. енергија (Трансформаторски станици, линиски кабелски вод)<br>Е1.1 - Сообраќајна патна инфраструктура (за пристап до парцела) |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 12332, КП 12333, КП 12334, КП 12335 и КП 12346, КО Велес, општина Велес, Велес е основен развоен документ, преку кој се врши достигнување на следните цели:<br>•рационално користење на земјиштето;<br>•почитување на постојна состојба;<br>•максимално вклопување со теренот;<br>•оформување препознатлива амбиентална целина;<br>•почитување и валоризација на културното и градителското наследство;<br>•вградување на заштитни мерки;<br>•почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето треба да даде намена на просторот за општа употреба, врз основа на кој ќе се изработи проектна документација.<br>Реализацијата на Урбанистички проект ќе биде во функција на поттикнување на развојот на инфраструктурните активности и согласно определбите од Просторниот план на Република Македонија треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина. Со реализација на овој проект ќе се допринесе за рационално користење, штедење и заштита на природните ресурси и искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија, намалување на емисиите во воздухот, а со тоа и намалување на емисиите на стакленички гасови, намалување и ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, намалување на зависноста од увоз на струја, позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и економски ефект.Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |

| |
|---|
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5г. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5г. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Предметната локација во КО Велес, Општина Велес се наоѓа североисточно од населено место Велес на надморска височина од 250т.Планираниот пристап до локацијата, се надоврзува на постоен некатегоризиран пат од источната страна на проектниот опфат, преку КП 15587, КО Велес. Границата на предметната локација опфатена со Урбанистичкиот проект е со следниве XY координати:<br>7567534.52 4620554.97<br>7567537.1 4620577.62<br>7567530.22 4620586.98<br>7567519.38 4620629.48<br>7567518.09 4620648.47<br>7567517.7 4620669.76<br>7567463.9 4620651.43<br>7567441.88 4620644.51<br>7567441.15 4620650.32<br>7567435.53 4620648.66<br>7567450.86 4620604.63<br>7567435.06 4620592.32<br>7567425.92 4620579.78<br>7567388.34 4620562.15<br>7567400.19 4620547.91<br>7567410.1 4620525.13<br>7567420.92 4620506.93<br>7567455.26 4620482.87<br>7567481.47 4620479.92<br>7567500.1 4620478.21<br>7567500.21 4620480<br>7567500.08 4620480.77<br>7567503.09 4620486.22<br>7567517.31 4620511.69<br>7567527.26 4620535.6 |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Просторот кој е предмет на разработка на овој Урбанистички проект се наоѓа на терен кој е градежно неизграден.<br>Потенцијални влијанија врз животната средина од изведување и оперативност на планскиот документ може да настанат од :<br>Несоодветно управување со отпадот за време на градежна фаза, во фаза на работење овие влијанија не се очекуваат единствено при оштетување на опремата од некоја природна непогода при што е потребна нејзина промена , а отпадната опрема која е заменета ќе се предаде на овластен постапувач со ваков вид на оптпад.<br>За време на градежната фаза влијанија се очекувани многу мали од промена на пределот , влијанија од евентуално истекување на моторно масло од механизацијата . Други влијанија не се очекувани.<br>За време на оперативна фаза се очекувани исто така многу мали влијанија врз животната средина, единствено од евентуално создаден отпад при одржување на фото-напонските панели.<br>Изградбата на фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија преку користење на сончевата енергија, како обновлив ресурс, преку искористување на сончевата енергија ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;</td><td>Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба и тоа: и во воздух , евентуално отпад , несакани инцидентни истекувања и сл. и овие влијанија се краткотрајни, , локални и со мал интензитет.<br>Во оперативна фаза влијанија се од создавање на отпад од евентуално дефект на фотонапонската централа и тие се можни, локални и краткотрајни заради дејноста која ја вршат.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето,</td></tr>
<tr><td>Прекуграничната природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на природни непогоди.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Со последниот попис на населението во општина Велес во 2021 година се евидентирани 48.463 жители на површина од 427,45 км2.<br>Општина Велес е со мошне поволна местополжба лоцирана во централниот дел на државата. |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој. Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој, а поволната географска местоположба , добрите микроклиматски услови , добрата сообраќајна поврзаност, одат во прилог на реализиација на овој проект. Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Велес, Општина Велес нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот 110 кУ далноводот Велес-ХИВ минува на 0,4кт југозападно од оваа локација.
Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енерргија кои се градат на земјиште), ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).
Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина особено од позитвен еколошки аспект со тоа што се овозможуваат услови за користење на обновливи извори на енергија а намалување на емисиите во воздух од согорувањето на фосилните горива.

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:
Не се очекува.

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | - Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото- напонски панели за производство на |

| | |
|---|---|
| | електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Велес, Општина Велес, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>- Доколку при изработката на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.<br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија 2 на подрачјето на катастарската општина Велес има регистрирани со Решение недвижни споменици на културата, евидентирани недвижни спомениици на културата и археолошки локалитети.<br>- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентирано и регистрирано културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.<br>- Доколку при реализација на урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Р.М бр 20/04, .......20/19). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекуваат надминувања на стандардите за квалитет на животната средина , ниту пак на граничните вредности.Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Проектниот опфат претставува неизградено земјиште, во К.О.Велес , Општина Велес . Локацијата предвидена за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија на објектот и е подложена на голема сончева радијација со просечна годишна густина на енергија на сончевото зрачење од 1508,8 kWh/m2.<br>Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно |

| | |
|---|---|
| | медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони. При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштет. При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, реупотреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат. Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, |

| |
|---|
| објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Велес, Општина Велес, е неизградено земјиште и е во функција на развој на енергетските ресурси од обновливи извори на енергија и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба. Во блзина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување на планот ќе се обезбеди поголема искористеност на енергијата од обновливите извори на енергија (сончевата енергија), ќе обебезбеди повисока организација на просторот, инфраструктурна доопременост и ќе претставува нов циклус во развој на економијата и стопанството, а со негово имплементирање ќе се допринесе за заштита и унапредување на животната средина преку искористување на енергијата од најголемиот извор - сонцето. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Не се очекуваат значајни еколошки проблеми единствено, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата со цел да се избегнат негативните ефекти и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава, а создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатација треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвикани нарушувања во животната средина, но со оперативност на планскиот документ ќе се намали искористеноста на необновливите извори на енергија, а ќе се даде придонес за намалување на стакленички гасови и климатските промени, со што ќе се зголеми искористеноста на обновливите енергетски ресурси. |

| |
|---|
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторен план на РМ, со постоечкиот ГУП, околни ДУП-ови, Национален план за управување со отпад 2020-2030, Втор национален еколошки акционен план на РМ, 4-ти Национален акциски план за енергетска ефикасност (2020-2022), Трет национален план за климатски промени. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина(„Службен весник на РМ" бр. 53/05,......171/22), и Уредбата за определување на критериуми врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оценка на влијание врз животна средина потребно е да се утврди потребата од спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина. Потребата од оцена на влијание ја донесува Органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина како и Законот за заштитата на природата, правните или физички лица кои вршат дејност или активност кои не спаѓаат во проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијание врз животна средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејноста или активноста врз животната средина пред започнување на спроведување на проектот и истиот да се достави до органот надлежен за негово одобрување . Овој проект спаѓа во Уредбата за за дејности и активности за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина и тоа во Прилог 1, точка V-Енергетика, потточка 5-Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветар, биомаса, биогас, геотермална и др.) со моќност до 200 MW. |

| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Велес<br>Марко Колев |
| Датум 16.05.2024<br>Место Велес | М.П. |

# Местоположба на локацијата и ружа на ветрови






Општинска граница

Катастарска граница

10(20)kv кабелски вод-Y10314i